31

11.01.2021

19-34/1

Влада на Република Северна Македонија
- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

**Здружение на слепи лица на град Штип**

(Име на здружението/ фондацијата)

# ЗАВРШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ

**"Приспособување на слепите лица од Источниот регион на тешките услови кои ги наметна кризата со COVID-19"**

(Име на проектот)

Штип, 11. 01. 2021 година


www.nvosorabotka.gov.mk
e-mail: nvosorabotka@gs.gov.mk

## 1. Општи информации за проектот и корисникот

| | |
|---|---|
| Број на Договор за обезбедување финансиска поддршка | 25-53/1 од 19.6.2020 |
| Име на здружението/фондацијата корисник | Здружение на слепи лица на град Штип, Штип |
| Наслов на проектот | Приспособување на слепите лица од Источниот регион на тешките услови кои ги наметна кризата со COVID-19 |
| Период на спроведување на проектот | од 19.06.2020 година до 31.12.2020 година |
| Лице овластено за застапување на корисникот | Драги Витанов |
| Проектен менаџер | Драги Витанов |
| Телефон и е-пошта за контакт | 078 338 757 / zip_stip@yahoo.com |
| Цел на проектот | Целта на проектот е преку серија едукации, информации, советувања и директна помош и поддршка на слепите лица од трите општини од источниот дел на Р. Северна Македонија да ги приспособиме и прилагодиме на новонастанатите услови што ги наметна кризата со COVID 19. |
| Целна група | Целна група се членовите на Здружение на СЛЕПИ ЛИЦА НА ГРАД ШТИП, вклучувајчи ги општините Штип, Радовиш и Пробиштип. |
| Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот | Подетално се работеше со целна група од вкупно 100 слепи лица со нивни придружници од сите три општини или пооделно од Општина Штип 72 слепи лица, општина Радовиш 14 слепи лица и општина Пробиштип 14 слепи лица |
| Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување финансиска поддршка) | 629.820,00 ден. |
| Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот | 628.753,00 ден. |

## 2. Резиме - Краток преглед на спроведените активности и оценка на постигнатите резултати на проектот. (Резимето треба да одговара на содржината на проектот и да не е подолго од 200 зборови или 1-2 страници)

Планираните активности во рамки на проектот "Приспособување на слепите лица од Источниот регион на тешките услови кои ги наметна кризата со COVID-19" ги имплементиравме многу успешно и без некои поголеми проблеми. Уште на самиот почеток направивме временска рамка за целокупната имплементација на проектните активности и се водевме по истата. Формиравме солиден проектен тим со искуство во имплементација на вакви слични проекти. Потпишавме договори со проектниот тим и потпишавме одделно договор со сметководител за потреби на проектот.

Ги направаивме сите потребни анализи и истражувања на пазар и ангажиравме многу добри предавачи со еномрно знаење и искуство во проблематиката која требаше да ја предаваат и да ги едуцираат учесниците на работилниците (потпишавме договори со троица прадавачи – предавач за правно советување, прадавач за економско советување и прадавач за психо-мотивационо советување).

Во исто време направивме успешни пазарни анализи на фирми со кои ќе соработуваме во делот на набавка на средства за дезинфекција (маски, ракавици и средства за дезинфекција), фирми од кои ќе набавуваме хуманитарни и санитарни пакети за членовите на Здружението на слепи лица од град Штип, и фирми за пружање на логистика за организација на сите предвидени работилници (изнајмување на сала за обука, изнајмување на

озвучување и друга пропратна опрема). Разговаравме со овие фирми за сите потребни услуги и производи за успешна имплементација на проектните активности, се договоривме и потпишавме договори за деловно техничка соработка.

Особено внимание посветивме на избор (селекција) на фирма која ќе ги подготви и испорача пакетите (100 хуманитарни и санитарни пакети) наменети за членовите на Здружение на слепи лица од град Штип, членови од сите три општини (Штип, Радовиш и Пробиштип).

Инаку да напоменеме дека првично во проектната апликација која беше прифатена за финансирање од страна на Генералниот секретаријат при Влада на Р. Северна Македонија, беа ставени во буџетот набавка на 50 хуманитарни и санирани пакети. Веднаш по потпишување на договорот се обративме писмено во Генераниот секретаријат со молба во рамки на истиот буџет да ги зголемиме пакетите од 50 на 100 пакети со што ќе ја намалиме цената на набавка за еден пакет. Целта ни беше сите 100 членови (слепи лица од трите општини) да добијат ваков пакет и ваква помош во рамки на проектот. Тоа ни беше одобрено од страна на надлежните и постапивме според тоа.

Според временската рамка и проектната апликација реализиравме 5 работилници за правно советување (беа презентирани сите правни постапки и можна правна помош на слепите лица во ситуација на пандемијата COVID 19), 5 работилници за економско советување (презентирани беа сите нови и постоечки економски мерки, финансиски пакети наменети за помош од COVID 19 на Владата на Р. Северна Македонија).

Беа реализирани и 5 работилници за психо-мотивационо советување од страна на врвен психолог каде беа презентирани начини и постапки за справување со психо-мотивациона состојба на ваква ранлива категорија лица во ситуација погодена од пандемија и мерки за справување со истата. Ваквото психо-мотивационо советување дополнително ќе допринесе за поголема самодоверба на оваа категорија лица во вакви тешки услови на кризата и воедно ќе им дадат огромна поддршка во нивна мотивираност за успешно аплицирање и искористување на мерките од Владата наменети за оваа категорија лица во ситуција на пандемијата со коронавирусот.

Реализиравме 3 серии работилници во градот Штип (тука Здружението на слепи лица брои најмногу членови), и по една серија работилници во градовите Пробиштип и Радовиш. Кога зборуваме за една серија на работилници мислиме на една работилница за правно советување, една за економско советување и една работилница за психо-мотивационо советување.

Сите реализирани работилници во рамки на проектот овозможија на целната група успешни и релевантни советувања и едукација кои директно им помогнаа на овие лица (слепите лица од општините Штип, Радовиш и Пробиштип) во поуспешно справување и приспособување на условите затекнати од кризата со коронавирусот.

Од друга страна сета ова едукација им помогна на оваа целна група за подобро информирање и искористување на социо – економските мерки и политики пропишани од страна на Владата на Р. Северна Македонија.

Со директната помош и поддршка во доделување на хуманитарни и санитарни пакети наменети за секој член (слепо лице од овој регион), успеавме да допринесеме за зголемена доверба на ваквата категорија лица во институциите на власта и директно им помогнавме за полесно справување на социо – економската криза предизвикана од пандемијата COVID19, криза со која најмногу беа погодени токму ваквите лица од ранлива категорија (тука спаѓаат и голем број стари и изнемоштени лица кои се воедно и слепи лица и потешко се справуваат со оваа ситуација на коронавирусот).

Мислам дека со зборови неможеме да ја искажеме релавантноста на проектот, неговите успешно реализирани проектни актвности, високите позитивни оценки на постигнатите резултати и огромниот допринос на делување на имплементираните активности врз ваквиот вид на целна група.

Сите резултати кои ги планиравме во рамки на проектот беа постигнати и дадоа голем значај врз целната група. Успеавме да едуцираме во делот на правно и економско советување преку 100 членови (слепи лица) со нивни придружници за подобро искористување на социо – економските мерки пропишани од страна на Владата на Р. Северна Македонија. Успеавме и преку психолошко – мотивационо советување и делување врз целната група да едуцираме исто така преку 100 членови со нивни придружници за нивно подобро приспособување и функционирање од психомотивациона гледна точка на новонастанатата состојба предизвикана со пандемијата COVID 19. Успеавме да набавиме 100 хуманитарни и санитарни пакети и на сите членови (слепи лица) од трите општини (Штип, Радовиш и Прбиштип) да им поделиме ваква помош (маски, средства за дезинфекција, ракавици, храна и санитарни средства).

Во рамки на проектот имавме многу солидна соработка со локалните самоуправи на сите три општини (Штип, Радовиш и Пробиштип). Скоро на секоја работилница имаше претставник од општина (градоначалник, претседател на совет, претседател на кризен штаб од општина), зависно во кој град ги држевме работилниците. Ваква успешна соработка ќе продолжи и во иднина за доброто на членовите на Здружението на слепи лица на град Штип.

Сите пропишани протоколи за заштита од пандемијата беа максмилано испочитувани за запштита и безбедноста по здравјето на членовите кои учествуваа во проектните активности. (им обезбедиме комплетна заштита според прописите кои се пропишани од страна на надлежните органи).

За сите лица беа обезбедени соодветни маски за безбедност, ракавици и соодветни дезинфециенти на секоја работилница.

Исто така внимававме во секоја ситуација да се држи растојание помеѓу учесниците од минимум 2 метри. Немаше директни контакти помеѓу самите учесници.

На влезот од просторијата каде ги државме работилниците секогаш имаше поставено дезинфициенти и постојана дезинфекција на обувките.

Сите проектни активности беа под голем надзор и мониторинг од страна на проектниот тим бидејќи се работи за ранлива категорија на лица со голем ризик (станува збор за слепи лица кои се во една од најтешките категории на ранливи лица) и затоа постојано внимававме да ги почитуваме сите пропипани мерки и да се придржуваме на сите прописи за заштита и безбедност од коронавирусот со минимум ризик од зараза на учесниците со ваков вид инфекција.

**3. Спроведени активности и резултати од проектот**

Наведете ги активностите (како што се предвидени во проектот), опишете ги преземените активности со периодот на спроведување и постигнатите резултати

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведува ње | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| 1. Формирање на проектниот тим и склучување на договори | На самиот почеток од имплементација на проектот формиравме проектен тим за успешна имплементација на проектните активности. Направивме анализа на лицата кои ќе бидат вклучени во имплементација на проектот и започнавме со склучување на договори со тимот ангажиран за спроведување на проектните активности.<br>Склучивме два договори со две лица кои ќе го сочинуваат проектниот тим. Станува збор за следниве лица:<br>1. Драги Витанов ангажиран како проектен координатор, договор склучен на ден 01.07.2020 година. Лицето е задолжено за целосна координација на проектот, подготовка на работен план, постојана комуникација со учесниците, ангажирање на подизведувачи, работа со финансии заедно со сметководителот, организација на настани, организација на набавки, работа со извештаи со помош на асистентот и друга координација на проектните активности со помош на асистентот.<br>2. Димитар Ташевски, ангажиран како проектен асистент, договор склучен на ден 01.07.2020 година. Проектниот асистент има обврска да асистира во сите работилници кои се предвидени со проектот (подготовка на агенди, спискови, покани, подготовка на сала, договарање со подизведувачи, покана на учесници, организација на настани). Проектниот асистент ќе биде одговорен за директна и индиректна комуникација со учесниците, контакти со подизведувачи, контакти со тренери за работилници, помош во подготовка на периодични и финални извештаи за потреби на проектот и целосна помош и асистирање на координаторот на проектот. | 01 Јули 2020 година (прв квартал од имплемента ција на проектот) | Склучени 2 договори со проектен тим. Склучен договор со проектен координатор Драги Витанов и склучен договор со проектен асистент Димитар Ташевски |
| 2. Анализа на пазарот на едукатори, социолози, психолози | Со цел да имаме успешно спроведување на проектот и предвидените активности за советувања (обуки) кои треба да бидат реализирани во рамки на проектот, неминовно беше да направиме анализа на домашниот пазар (скрининг) на потребните профили на едукатори кои ќе бидат анагажирани за потреби на проектот. Тука од голема помош беше асистентот на проектот (Г-динот Димитар Ташевски) кој има големо искуство во реализација на вакви слични проекти и добро го познава пазарот на едукатори од потребните профили. Контактиравме повеќе лица и тоа, социолози, психолози, економисти, правници кои имаат искуство во држење на вакви обуки (советувања), особено ги земаве во предвид едукаторите кои | 02 Јули - 13 Август 2020 година (прв квартал од имплемента ција на проектот) | Направена анализа на 12 лица од профилот на психолози, социолози, економисти, магистри, лица кои работеле на вакви проекти и правници. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | веќе имаат работено и советувано лица од ваква ранлива категорија. Направивме стручна анализа и селекција на лицата кои ќе бидат ангажирани како едукатори во потребните обуки (советувања) во рамки на проектот. | | Селектирани 3 лица со потребни профили за реализација на превидените обуки во рамки на проектот (1 едукатор за правно совтување, 1 едукатор за економско советување, 1 едукатор за психомотивационо советување). |
| 3. Анализа на пазарот на фирми од каде можеме да набавиме средства за заштита (дезинфекција) и хуманитарни (санитарни) пакети | Спроведовме анализа на пазарот на повеќе фирми (5 фирми) од каде ќе можеме да набавиме најпрвин потребни средства за заштита на учесниците на обуките (средства за дезинфекција, заштитни маски, ракавици и други средства за заштита) бидејќи се работи за ранлива категорија на лица со голем ризик (слепи лица кои се во една од најтешките категории на ранливи лица). Контактиравме неколку аптеки, колонијали и фирми кои продаваат ваков вид заштитни средства и се одлучивме за една аптека од Куманово која имаше квалитетни производи со ниски конкурентни цени (аптека ВН-ХИГИЈА од Куманово).<br><br>Воедно соодветна пазарна анализа направивме и за набавка на хуманитарни и санитарни пакети кои се предвидени во рамки на проектот. Контактиравме и разговаравме со претставници од 7 фирми во регионот и ја селектиравме фирмата која даде најповолни услови за набавка на хуманитарните пакети. Станува збор за фирма (маркет ХОМ АРТ 1 од Пробиштип) која даде спецификација на квалитетни производи, опфати голем број производи за заштита и храна во предвидената цена според спецификација, бесплатен транспорт на пакетите до посакуваното место (Штип, Пробиштип, Радовиш), лепење на налепници за донаторот на проектот и набавка на квалитетни производи со квалитетна амбалажа. | Август 2020 година (прв квартал од имплементација на проектот) | Направена анализа на 5 фирми (3 аптеки, 1 колонијал и 1 фирма која продава заштитни средства за справување со пандемија). Селектирана една фирма со најдобри услови за набавка на заштитни средства за учесниците на обуките.<br><br>Направена анализа на 7 фирми (маркети, клонијали кои можат да набават за потреби на проектот хуманитарни и санитарни пакети). Селектирана една фирма со дадени најдобри услови, квалитетни пакети, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | квалитетна амбалажа и бесплатен транспорт до посакуваното место. |
| 4. Склучување на потребни договори за работа (склучување на договор со еден правник, еден економист, еден социо – психолог) | Откако беше направена соодветната пазарна анализа за ангажман на стручни лица (едукатори - предавачи) и направена соодветна селекција, се пристапи кон склучување на договори со лицата кои треба да се ангажираат за потреби на проектот.<br>Ангажирање и склучување на договор со психологот Крсте Маљановски (подготовка на потребни материјали за обука, слајдови во Power Point презентации за потреби на психолошко - мотивационо советување на слепите лица од општините Штип, Пробиштип и Радовиш во делот на поуспешно приспособување на условите наметнати од кризата со пандемијата, а кои директно ги тангираат овие лица во нивното секојдневно справување со потешкотиите наметнати од кризата, спроведување на потребниот број обуки).<br>Ангажирање и склучување на договор со правниот експерт Златко Сарев (подготовка на потребни материјали, слајдови во Power Point презентации за потреби на правно советување на слепите лица од општините Штип, Пробиштип и Радовиш во делот на подобро искористување на правните мерки пропишани од страна на Владата на Р. Северна Македонија, а кои директно ги тангираат овие лица во нивното секојдневно справување со потешкотиите наметнати од кризата, спроведување на потребниот број на обуки).<br>Ангажирање и склучување на договор со економскиот советувач Јован Стоименовски (подготовка на потребни материјали, слајдови во Power Point презентации за потреби на економско советување на слепите лица од општините Штип, Пробиштип и Радовиш во делот на подобро информирање, советување и искористување на социо-економските мерки пропишани од страна на Владата на Р. Северна Македонија, а кои директно ги тангираат овие лица во нивното секојдневно справување со потешкотиите наметнати од кризата, спроведување на потребниот број на обуки). | Август 2020 година (прв квартал од имплементација на проектот) Договорите со Крсте Маљановски, Јован Стоименовски и Златко Сарев се склучени на ден 14.08.2020 година | Склучени 3 договори со ангажирани обучувачи во рамки на проектот.<br>Склучени договори со:<br>1. Психолог Крсте Маљановски (за спроведување на обуки - советувања во делот на психо-мотивационо советување)<br>2. Јован Стоименовски (за спроведување на обуки - советувања во делот на економско советување)<br>3. Златко Сарев (за спроведување на обуки - советувања во делот на правно советување) |
| 5. Склучување на договори за набавка на средства за дезинфекција, маски и ракавици и фирма за набавка на хуманитарни и санитарни пакети | По реализирана пазарна анализа на 5 фирми за набавка на заштитни и дезинфекциони средства за потреба на учесниците на обуките и пазарна анализа на 7 фирми за набавка на хуманитарни и санитарни пакети, се пристапи кон детална анализа на овие фирми и селекција на фирмите кои дадоа најповолни услови за набавка, квалитетни производи и други пропратни услови за транспорт, амабалажа и налепници.<br>Склучивме договор со фирмата ХОМ АРТ 1 ТП Игорче Павле Антониев од Пробиштип за набавка и достава на 100 хуманитарни и санитарни пакети наманети за членовите на Здружението на слепи лица на град Штип.<br>Заштитни средства (заштитни маски, средства за дезинфекција, ракавици, влажни марамчиња и дезентол) набавивме од аптеката ВН-ХИГИЈА од Куманово. | Договор со добавуват на хуманитарни пакети (ХОМ АРТ 1 од Пробиштип) е склучен на ден 31.08.2020 година. Набавката на потребните средства за дезинфекциј | Склучен еден договор со фирмата АРТ ХОМ 1 ТВ Игорче Павле Антониев од Пробиштип за набавка на 100 хуманитарни и санитарни пакети за потреби на проектот.<br><br>Набавени 206 заштитни маски, 7 |


www.nvosorabotka.gov.mk
e-mail: nvosorabotka@gs.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | а, ракавици, заштитни маски и други средства за заштита на учесниците на обуките од аптеката ХИГИЈА од Куманово е реализирана на датум 02.09.2020 година | дезинфекцион и средства, 5 пакования влажни марамчиња и 2 литра дезентал од аптеката ВН-ХИГИЈА Куманово, за потреба за заштита на учесниците на обуките во рамки на проектот. |
| 6.Одржување на прво економско и психомотивационо советување во соодветна просторија во Штип согласно правилата на Владата за одржување на вакви настани | На 05 септември 2020 год. во хотел Изгрев, град Штип се оддржа првата работилница за економско и психо-мотивационо советување (од вкупно 5-те работилници во рамки на проектот за психомотивационо и економско советување).<br>Работилницата беше оддржана во соодветна сала за обука (надвор на терасата на хотелот) и беше обезбедено озвучување со микрофони за работилницата.<br>Претходно од страна на проектниот тим беше направена агенда и покана и истата пратена (доставена) на сите потенцијални учесници на работилницата. Сите потенцијални учесници од Штип (членови на Здружение на слепи лица на град Штип) на оваа работилница беа информирани.<br>Предавачи на работилницата беа Г-дин Крсте Маљановски за психомотивационо советување и Г-дин Јован Стоименовски за економско советување. Од страна на обучувачите беа изработени презентации по кои се реализираше целолокупното советување.<br>На работилницата учество земаа вкупно 26 слепи лица со нивни придружници.<br>Работилницата прво ја отвори Г-дин Драги Витанов (координатор на проектот) и даде воведно обраќање за значењето на проектот и проектните активности.<br>Потоа Г-дин Димитар Ташевски (асистент на проектот) го објасни детално проектот и неговите активности и резултати.<br>Обраќање имаше и ВД Градоначалникот на општина Штип, Г-дин Јане Миланов кој беше исто така дел од овој настан.<br>Г-динот Миланов го истакна значењето на овој проект во услови на пандемија и голема можност да се помогне на оваа категорија граѓани. Тој даде голема поддршка на проектниот тим и вети дека се додека е на оваа функција максимално ќе се заложи за подобри услови и функционирање на слепите лица од општина Штип и даде голема поддршка на проектниот тим во иницирање на нови вакви проекти за помош и поддршка на слепите лица. Тој ја истакна и сопствената волја и желба во иднина да помага на овие луѓе во рамки на неговите можности.<br>Потоа започнавме со психомотивационо советување од страна на психологот Д-р Крсте Маљановски.<br>Настанот продолжи со економско советување со консултантот Јован Стоименовски. На крај на работилницата следеше опсежна диксусија и голем број на прашања на кои одговараа едукаторите.<br>Работилницата беше проследена со употреба на сите заштитни средства, држење на потребното растојание меѓу учесниците, | 05 септември 2020 година (прв квартал од имплемента ција на проектот) | Успешно спроведена работилница (прва по ред) за психомотивац ионо и економско советување од дваица стручни предавачи со присаство на 26 учесници (слепи лица и нивни придружници) од градот Штип и околината / обучени и едуцирани 26 лица (економско и психомотивац ионо советување) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | користење на дезинфекциони средстваа, заштитни маски и постојана дезинфекција на микрофоните и другата опрема.<br>Учесниците беа задоволни од целокупниот тек на обуката, од предавачите и од севкупната организација на работилницата, што можевме да видиме и од позитивно потполнетите евалуациони листи.<br>Работилницата помина со присаство на голем број медиуми од регионот на Штип, кои го проследија настанот (ТВ СТАР, ТВ ИРИС, МИА, Канал 77, Енџелс радио).<br>Подолу се дадени дел од линковите за медиумското проследување на настанот:<br>1. https://mia.mk/zdruzhenieto-na-slepi-lica-vo-shtip-so-proekt-za-nadminuva-e-na-predizvicite-od-koronakrizata/<br>2. https://libertas.mk/slep-mazh-tri-dena-ostanal-bez-leb-vo-tekot-na-karantinot/<br>3. https://opserver.mk/makedonija/prisposobuvanje-na-slepite-lica-na-uslovite-shto-gi-nametna-krizata-so-kovid-19/<br>4. https://nezavisen.mk/prisposobuvanje-na-slepite-lica-na-uslovite-shto-gi-nametna-krizata-so-kovid-19/<br>5.http://televizijastar.com/%d1%81%d0%bb%d0%b5%d0%bf%d0%b8%d1%82%d0%b5-%d0%bb%d0%b8%d1%86%d0%b0-%d0%be%d0%b4-%d1%88%d1%82%d0%b8%d0%bf-<br>6. https://iportal.mk/makedonija/zdruzhenieto-na-slepi-lica-vo-shtip-proekt-za-nadminuvanje-na-predizvicite-od-koronakrizata/ | | |
| 7.Одржување на прво правно советување во соодветна просторија во Штип согласно правилата на Владата за оддржување на вакви настани | На 12 септември 2020 год. во хотел Изгрев, град Штип се оддржа првата работилница за правно советување (од вкупно планираните 5 работилници во рамки на проектот). Работилницата беше оддржана во соодветна сала за обука (надвор на терасата на хотелот) и беше обезбедено озвучување со микрофони за работилницата.<br>Претходно од страна на проектниот тим беше направена агенда и покана и истата пратена (доставена) до сите потенцијални учесници на работилницата. Сите потенцијални учесници од Штип (членови на Здружение на слепи лица на град Штип) што требаше да земат учество на оваа работилница беа информирани.<br>Предавач на работилницата беше Г-дин Златко Сарев, едукатор за правно советување. Од страна на обучувачот беше изработена презентација по која се реализираше целолокупното советување.<br>На работилницата учество земаа вкупно 20 слепи лица со нивни придружници.<br>Работилницата прво ја отвори Г-дин Драги Витанов (координатор на проектот) и даде воведно обраќање за значењето на проектот и проектните активности.<br>Потоа Г-дин Димитар Ташевски (асистент на проектот) го објасни детално проектот и неговите активности и резултати.<br>Кратко по излагањето на Г-динот Ташевски започнавме со правното советување од страна на правникот Златко Сарев. На крај на работилницата следеше опсежна диксусија и голем број на прашања на кои одговараше правникот и проектниот тим.<br>Работилницата беше проследена со употреба на сите заштитни средства, држење на потребното растојание меѓу учесниците, користење на дезинфекциони средстваа, заштитни маски и постојана дезинфекција на микрофоните и другата опрема.<br>Учесниците беа задоволни од целокупниот тек на обуката, од предавачот и од целокупната организација на работилницата, што можевме да видиме и од позитивно потполнетите | 12 септември 2020 година (прв квартал од имплемента ција на проектот) | Успешно спроведена работилница (прва по ред) за правно советување од стручен предавач (правник) со присаство на 20 учесници (слепи лица и нивни придружници) од градот Штип и околината / обучени и едуцирани 20 лица (правно советување) / доделени 20 хуманитарни и санитарни пакети на слепите лица од Штип |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | евалуациони листи.<br>На крај од оваа работилница од страна на проектниотт им беа поделени првите 20 хуманитарни и санитарни пакети на учесниците (членови на Здружение на слепи лица на град Штип). | | |
| 8.Одржување на второ економско и психомотивационо советување во соодветна просторија во Штип согласно правилата на Владата за оддржување на вакви настани | На 26 септември 2020 год. во хотел Изгрев, град Штип се оддржа втората работилница за економско и психомотивационо советување (од вкупно 5-те работилници во рамки на проектот за психомотивационо и економско советување).<br>Работилницата беше оддржана во соодветна сала за обука (во хотел Изгрев) и беше обезбедено озвучување со микрофони за работилницата.<br>Претходно од страна на проектниот тим беше направена агенда и покана, истата е пратена (доставена) на сите потенцијални учесници на работилницата. Сите потенцијални учесници од Штип (членови на Здружение на слепи лица на град Штип) кои требаше да земат учество на оваа работилница беа информирани.<br>Предавачи на работилницата беа Г-дин Крсте Маљановски за психомотивационо советување и Г-дин Јован Стоименовски за економско советување. Од страна на обучувачите беа изработени презентации по кои се реализираше целолокупното советување.<br>На работилницата учество земаа вкупно 26 слепи лица со нивни придружници.<br>Работилницата прво ја отвори Г-дин Драги Витанов (координатор на проектот) и даде воведно обраќање за значењето на проектот и проектните активности.<br>Потоа Г-дин Димитар Ташевски (асистент на проектот) го објасни детално проектот и неговите активности и резултати.<br>Обраќање имаше и нашиот гостин на работилницата, началникот на општинскиот кризен штаб за справување со кризата предизвикана со пандемија во општина Штип (Г-дин Никал Тушев), кој беше дел од овој настан.<br>Работилницата продолжи со психомотивационо советување од страна на психологот Д-р Крсте Маљановски.<br>Следеше економско советување од консултантот Јован Стоименовски. На крај на работилницата имаше опсежна диксусија и голем број на прашања на кои одговараа едукаторите.<br>Работилницата беше проследена со употреба на сите заштитни средства, држење на потребното растојание меѓу учесниците, користење на дезинфекциони средстваа, заштитни маски и постојана дезинфекција на микрофоните и другата опрема.<br>Учесниците беа задоволни од целокупниот тек на обуката, од предавачите и од севкупната организација на работилницата, што можевме да видиме и од позитивно потполнетите евалуациони листи. | 26 септември 2020 година (прв квартал од имплемента ција на проектот) | Успешно спроведена работилница (втора по ред) за психомотивац ионо и економско советување од дваица стручни предавачи со присаство на 26 учесници (слепи лица и нивни придружници) од градот Штип и околината / обучени и едуцирани 26 лица (економско и психомотивац ионо советување) |
| 9.Одржување на второ правно советување во соодветна просторија во Штип согласно правилата на Владата за оддржување на вакви настани | Втората работилница за правно советување (од вкупно планираните 5 работилници во рамки на проектот) се оддржа на 03 октомври 2020 год. во хотел Изгрев, град Штип. Работилницата беше оддржана во соодветна сала за обука и беше обезбедено озвучување со микрофони за работилницата.<br>Претходно од страна на проектниот тим беше направена агенда и покана и истата пратена (доставена) на сите потенцијални учесници на работилницата. Сите потенцијални учесници од Штип (членови на Здружение на слепи лица на град Штип) кои требеша да земат учество на работилницата беа информирани. | 03 октомври 2020 година (втор квартал од имплемента ција на проектот) | Успешно спроведена работилница (втора по ред) за правно советување од стручен предавач (правник) со присаство на 18 учесници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Предавач на работилницата беше Г-дин Златко Сарев, задолжен за правното советување. Од страна на обучувачот беше изработена презентација по која се реализираше целолокупното советување.<br>На работилницата учество земаа вкупно 18 слепи лица со нивни придружници.<br>Работилницата прво ја отвори Г-дин Драги Витанов (координатор на проектот) и даде воведно обраќање за значењето на проектот и проектните активности.<br>Потоа Г-дин Димитар Ташевски (асистент на проектот) го објасни детално проектот и неговите активности и резултати.<br>Работилницата продолжи со правното советување од страна на правникот Златко Сарев.<br>На крај на работилницата следеше опсежна диксусија и голем број на прашања на кои одговараше правникот и проектниот тим.<br>Работилницата беше проследена со користење на сите потребни заштитни средства, држење на потребното растојание меѓу учесниците, користење на дезинфекциони средстваа, заштитни маски и постојана дезинфекција на микрофоните и другата опрема.<br>Учесниците беа задоволни од целокупниот тек на обуката, од предавачот и од целокупната организација на работилницата, што можевме да видиме и од позитивно потполнетите евалуациони листи.<br>На крај од оваа работилница од страна на проектниот тим беа поделени 20 хуманитарни и санитарни пакети на учесниците (членови на Здружение на слепи лица на град Штип), од кои 2 пакети однесовме до домовите на двaица членови кои се неподвижни. | | (слепи лица и нивни придружници) од градот Штип и околината / обучени и едуцирани 18 лица (правно советување) / доделени 20 хуманитарни и санитарни пакети на слепите лица од Штип |
| 10.Одржување на трето економско и психомотивационо советување во соодветна просторија во Пробиштип согласно правилата на Владата за оддржување на вакви настани | На 17 октомври 2020 год. во хотел Црешово Топче, град Пробиштип се оддржа третата работилница за економско и психомотивационо советување (од вкупно 5-те работилници во рамки на проектот за психомотивационо и економско советување).<br>Работилницата беше оддржана во соодветна сала за обука (во реновираниот хотел Црешово топче) и беше обезбедено озвучување со микрофони за работилницата.<br>Претходно од страна на проектниот тим беше направена агенда и покана и истата пратена (доставена) на сите потенцијални учесници на работилницата. Сите потенцијални учесници од Пробиштип (членови на Здружение на слепи лица на град Штип) што требаше да земат учество на оваа работилница беа информирани.<br>Предавачи на работилницата беа Г-дин Крсте Маљановски за психомотивационо советување и Г-дин Јован Стоименовски за економско советување. Од страна на обучувачите беа изработени презентации по кои се реализираше целолокупното советување.<br>На работилницата учество земаа вкупно 23 слепи лица со нивни придружници.<br>Гости на работилницата беа градоначалникот на општина Пробиштип, Г-дин Драганчо Анастасов и претседателот на совет, Г-дин Љупчо Благоевски.<br>Работилницата прво ја отвори Г-дин Драги Витанов (координатор на проектот) и даде воведно обраќање за значењето на проектот и проектните активности.<br>Потоа Г-дин Димитар Ташевски (асистент на проектот) го објасни детално проектот и неговите активности и резултати. | 17 октомври 2020 година (втор квартал од имплементација на проектот) | Успешно спроведена работилница (трета по ред) за психомотивационо и економско советување од двaица стручни предавачи со присаство на 23 учесници (слепи лица и нивни придружници) од градот Пробиштип и околината / обучени и едуцирани 23 лица (економско и психомотивационо советување) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Обраќање имаа и гостите на работилницата (градоначалникот на општина Пробиштип и претседателот на совет) кои се заблагодарија на поканат и го истакнаа значањето на ваквите проекти за помош и поддршка на оваа ранлива категорија на граѓани од општината. Воедно овие лица се заложија и ветија дополнително да помагаат во иднина на оваа категорија граѓани и континуирано да воспостават поволни услови и мерки за справување со коронавирусот.<br>Работилницата продолжи со психомотивационо советување од страна на психологот Д-р Крсте Маљановски.<br>Потоа следеше економско советување од консултантот Јован Стоименовски. На крај на работилницата имаше опсежна диксусија и голем број на прашања на кои одговараа едукаторите.<br>Работилницата беше проследена со користење на сите заштитни средства, држење на потребното растојание меѓу учесниците, користење на дезинфекциони средства, заштитни маски и постојана дезинфекција на микрофоните и другата опрема.<br>Учесниците беа задоволни од целокупниот тек на обуката, од предавачите и од организација на работилницата, што можевме да видиме и од позитивно потполнетите евалуациони листи. | | |
| 11.Одржување на трето правно советување во соодветна просторија во Пробиштип согласно правилата на Владата за одржување на вакви настани | Третата работилница за правно советување (од вкупно планираните 5 работилници во рамки на проектот) се оддржа на 24 октомври 2020 год. во хотел Црешово Топче, град Пробиштип. Работилницата беше оддржана во соодветна сала за обука и беше обезбедено озвучување со микрофони за работилницата.<br>Претходно од страна на проектниот тим беше направена агенда и покана и истата пратена (доставена) на сите потенцијални учесници на работилницата. Сите планирани учесници од Пробиштип (членови на Здружение на слепи лица на град Штип) кои требаше да земат учество на работилницата беа информирани и поканети.<br>Предавач на работилницата беше Г-дин Златко Сарев, задолжен за правното советување. Од страна на обучувачот беше изработена презентација по која се реализираше целолокупното советување.<br>На работилницата учество земаа вкупно 23 слепи лица со нивни придружници.<br>Гостин на работиницата беше претседателот на општинскиот кризен штаб за справување со коронавирусот, Г-динот Ристе Петков.<br>Работилницата прво ја отвори Г-дин Драги Витанов (координатор на проектот) и даде воведно обраќање за значењето на проектот и проектните активности.<br>Следеше излагање на Г-дин Димитар Ташевски (асистент на проектот) кој го објасни детално проектот и неговите активности и резултати.<br>Се обрати и претседателот на кризниот штаб при општина Пробиштип и ги запозна присатните со сите мерки кое се превземаат од страна на општината за справување со пандемијата. Тој го истакна значењето на проектот, даде нови информации за состојбата со коронавирусот и се осврна за значаењето на поддршка на оваа категорија слепи лица од општина Пробиштип.<br>Работилницата продолжи со правното советување од страна на правникот Златко Сарев. На крај на работилницата следеше опсежна диксусија и голем број на прашања на кои одговараше правникот и проектниот тим. | 24 октомври 2020 година (втор квартал од имплемента ција на проектот) | Успешно спроведена работилница (трета по ред) за правно советување од стручен предавач (правник) со присаство на 23 учесници (слепи лица и нивни придружници) од градот Пробиштип и околината / обучени и едуцирани 23 лица (правно советување) / доделени 10 хуманитарни и санитарни пакети на слепите лица од Пробиштип |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Работилницата беше проследена со користење на сите потребни заштитни средства, држење на потребното растојание меѓу учесниците, користење на дезинфекциони средстваа, заштитни маски и постојана дезинфекција на микрофоните и другата опрема.<br>Учесниците беа задоволни од целокупниот тек на обуката, од предавачот и од целокупната организација на работилницата, што можевме да видиме и од позитивно потполнетите евалуациони листи.<br>На крај од оваа работилница од страна на проектниот тим беа поделени 10 хуманитарни и санитарни пакети на учесниците (членови на Здружение на слепи лица на град Штип). | | |
| 12.Одржување на четврто правно советување во соодветна просторија во Штип согласно правилата на Владата за оддржување на вакви настани | Четвртата работилница за правно советување (од вкупно планираните 5 работилници во рамки на проектот) се оддржа на 31 октомври 2020 год. во хотел Изгрев, град Штип. Работилницата беше оддржана во соодветна сала за обука и беше обезбедено озвучување со микрофони за работилницата.<br>Претходно од страна на проектниот тим беше направена агенда и покана и истата пратена (доставена) на сите потенцијални учесници на работилницата. Сите потенцијални учесници од Штип (членови на Здружение на слепи лица на град Штип) кои требаше да земат учество на работилницата беа информирани и поканети.<br>Предавач на работилницата беше Г-дин Златко Сарев, задолжен за правното советување. Од страна на обучувачот беше изработена презентација по која се реализираше целолокупното советување.<br>На работилницата учество земаа вкупно 30 слепи лица со нивни придружници.<br>Гостин на работилницата беше претседателот на совет на општина Штип, Г-ѓата Маријана Рогажарска Поповска и Д-р Мирела Василева (специјалист дерматовенеролог).<br>Работилницата прво ја отвори Г-дин Драги Витанов (координатор на проектот) и даде воведно обраќање за значењето на проектот и проектните активности.<br>За кратко после тоа се осврна Г-динот Димитар Ташевски (асистент на проектот) кој го објасни детално проектот и неговите активности и резултати.<br>Следеше обраќање на претседатеката на советот на општина Штип. Таа се заблагодари на поканата и се осврна на развојните проекти кои општина Штип ги има имплементирано за доброто на слепите лица. Претседателката се заложи дека и во иднина општината ќе помага на оваа целна група, ќе создава подобри услови за нивни функционирање, особено во време на пандемијата ќе превземат се што треба да се создадат подобри услови и мерки наменети за оваа целна група граѓани.<br>Следеше стручно советување од страна на Д-р Василева наменето за целната група (советување за дерматовенерични болести во ситуација на коронавирусот и други стручни совети за справување со пандемијата).<br>Работилницата продолжи со правното советување од страна на правникот Златко Сарев. На крај на работилницата следеше опсежна диксусија и голем број на прашања на кои одговараше правникот и проектниот тим.<br>Работилницата беше проследена со користење на сите потребни заштитни средства, држење на потребното растојание меѓу учесниците, користење на дезинфекциони средстваа, заштитни маски и постојана дезинфекција на микрофоните и другата опрема. | 31 октомври 2020 година (втор квартал од имплемента ција на проектот) | Успешно спроведена работилница (четврта по ред) за правно советување од стручен предавач (правник) со присаство на 30 учесници (слепи лица и нивни придружници) од градот Штип и околината / обучени и едуцирани 30 лица (правно советување) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Учесниците беа задоволни од целокупниот тек на обуката, од предавачот и од целокупната организација на работилницата, што можевме да видиме и од позитивно потполнетите евалуациони листи. | | |
| 13.Одржување на петто правно советување во соодветна просторија во Радовиш согласно правилата на Владата за оддржување на вакви настани | Последната работилница за правно советување (од вкупно планираните 5 работилници во рамки на проектот) се оддржа на 07 ноември 2020 год. во хотел Рио, општина Радовиш. Работилницата беше оддржана во соодветна сала за обука и беше обезбедено озвучување со микрофони за работилницата.<br>Претходно од страна на проектниот тим беше направена агенда и покана и истата пратена (доставена) на сите потенцијални учесници на работилницата во Радовиш кои требаше да земат учество на обуката.<br>Предавач на работилницата беше Г-дин Златко Сарев, задолжен за правното советување. Од страна на обучувачот беше изработена презентација по која се реализираше целолокупното советување.<br>На работилницата учество земаа вкупно 23 слепи лица со нивни придружници.<br>Работилницата прво ја отвори Г-дин Драги Витанов (координатор на проектот) и даде воведно обраќање за значењето на проектот и проектните активности.<br>Потоа Г-дин Димитар Ташевски (асистент на проектот) го објасни детално проектот и неговите активности и резултати.<br>Работилницата продолжи со правното советување од страна на правникот Златко Сарев. На крај на работилницата следеше опсежна диксусија и голем број на прашања на кои одговараше правникот и проектниот тим.<br>Работилницата беше проследена со користење на сите потребни заштитни средства, држење на потребното растојание меѓу учесниците, користење на дезинфекциони средстваа, заштитни маски и постојана дезинфекција на микрофоните и другата опрема.<br>Учесниците беа задоволни од целокупниот тек на обуката, од предавачот и од целокупната организација на работилницата, што можевме да видиме и од позитивно потполнетите евалуациони листи. | 07 ноември 2020 година (втор квартал од имплемента ција на проектот) | Успешно спроведена работилница (петта по ред) за правно советување од стручен предавач (правник) со присаство на 23 учесници (слепи лица и нивни придружници) од градот Радовиш и околината / обучени и едуцирани 23 лица (правно советување) |
| 14.Одржување на четврто економско и психомотивацио но советување во соодветна просторија во Штип согласно правилата на Владата за оддржување на вакви настани | На 14 ноември 2020 год. во хотел Изгрев, град Штип се оддржа четвртата работилница за економско и психомотивационо советување (од вкупно 5-те работилници во рамки на проектот за психомотивационо и економско советување).<br>Работилницата беше оддржана во соодветна сала за обука (во хотел Изгрев) и беше обезбедено озвучување со микрофони за работилницата.<br>Претходно од страна на проектниот тим беше направена агенда и покана и истата пратена (доставена) на сите потенцијални учесници на работилницата. На оваа работилница учествуваа слепи лица со нивни придружници од Штип (членови на Здружение на слепи лица на град Штип), општина каде има најголем број членови на здружението.<br>Предавачи на работилницата беа Г-дин Крсте Маљановски за психомотивационо советување и Г-дин Јован Стоименовски за економско советување. Од страна на обучувачите беа изработени презентации по кои се реализираше целолокупното советување.<br>Работилницата прво ја отвори Г-дин Драги Витанов (координатор на проектот) и даде воведно обраќање за значењето на проектот и проектните активности. | 14 ноември 2020 година (втор квартал од имплемента ција на проектот) | Успешно спроведена работилница (четврта по ред) за психомотивац ионо и економско советување од дваица стручни предавачи со присаство на 30 учесници (слепи лица и нивни придружници) од градот Штип и околината / обучени и едуцирани 30 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Г-дин Димитар Ташевски (асистент на проектот) го објасни детално проектот и неговите активности и резултати.<br>Работилницата продолжи со психомотивационо советување од страна на психологот Д-р Крсте Маљановски.<br>Потоа следеше економско советување од консултантот Јован Стоименовски.<br>На крај на работилницата имаше опсежна диксусија и голем број на прашања на кои одговараа едукаторите.<br>Работилницата беше проследена со употреба на сите заштитни средства, држење на потребното растојание меѓу учесниците, користење на дезинфекциони средства, заштитни маски и постојана дезинфекција на микрофоните и другата опрема.<br>Учесниците беа задоволни од целокупниот тек на обуката, од предавачите и од организација на работилницата, што можевме да видиме и од позитивно потполнетите евалуациони листи.<br>На крај од оваа работилница од страна на проектниот тим беа поделени 20 хуманитарни и санитарни пакети на учесниците (членови на Здружение на слепи лица на град Штип). | | лица (економско и психомотивационо советување) / доделени 20 хуманитарни и санитарни пакети на слепите лица од Штип |
| 15.Одржување на петто економско и психомотивационо советување во соодветна просторија во Радовиш согласно правилата на Владата за оддржување на вакви настани | На 21 ноември 2020 год. во ресторан Рио, град Радовиш се оддржа последната петта работилница за економско и психомотивационо советување (од вкупно 5-те работилници во рамки на проектот за психомотивационо и економско советување).<br>Работилницата беше оддржана во соодветна сала за обука (во ресторанот Рио) и беше обезбедено озвучување со микрофони за работилницата.<br>Претходно од страна на проектниот тим беше направена агенда и покана и истата пратена (доставена) на сите потенцијални учесници на работилницата. Сите потенцијални учесници од Радовиш (членови на Здружение на слепи лица на град Штип) на оваа работилница беа информирани.<br>Предавачи на работилницата беа Г-дин Крсте Маљановски за психомотивационо советување и Г-дин Јован Стоименовски за економско советување. Од страна на обучувачите беа изработени презентации по кои се реализираше целолокупното советување од страна на обучувачите.<br>На работилницата учество земаа вкупно 29 слепи лица со нивни придружници. Гостин на работилницата беше претседателот на совет на општина Радовиш, Г-ѓата Викица Манојлева. Воедно како гостин и едукатор на работилницата беше и докторката, специјалист по дерматовенерологија, Г-ѓата Мирела Василева.<br>Работилницата прво ја отвори Г-дин Драги Витанов (координатор на проектот) и даде воведно обраќање за значењето на проектот и проектните активности.<br>Г-динот Димитар Ташевски (асистент на проектот) го објасни детално проектот и неговите активности и резултати.<br>Следеше обраќање на претседателот на совет кој се заблагодари на поканата и најпрвин зборување за состојбата и справување со коронавирусот во општина Радовиш. Претседателот се осврна и го истакнаа значењето на овој проект за едукација, помош и поддршка на оваа ранлива категорија на граѓани од општина Радовиш со желба да има што повеќе вакви проекти кои ќе помагаат на оваа целна група граѓани. Воедно претседателката на совет се заложи и таа преку институциите дополнително да помогне во иднина на оваа категорија граѓани и ќе иницира нови вакви проекти кои би биле од голем интерес на слепите лица од општината.<br>Работилницата беше проследена и со стручно советување од страна на Д-р Василева наменето за целната група (советување | 21 ноември 2020 година (втор квартал од имплементација на проектот) | Успешно спроведена работилница (петта по ред) за психомотивационо и економско советување од дваица стручни предавачи со присаство на 29 учесници (слепи лица и нивни придружници) од градот Радовиш и околината / обучени и едуцирани 29 лица (економско и психомотивационо советување) / доделени 15 хуманитарни и санитарни пакети на слепите лица од Радовиш |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | за дерматовенерични болести во ситуација на коронавирусот и други стручни совети за справување со пандемијата).<br>Работилницата продолжи со психомотивационо советување од страна на психологот Д-р Крсте Маљановски.<br>Потоа следеше економско советување од консултантот Јован Стоименовски. На крај на работилницата имаше опсежна диксусија и голем број на прашања на кои одговараа едукаторите.<br>Работилницата беше проследена со користење на сите заштитни средства, држење на потребното растојание меѓу учесниците, користење на дезинфекциони средства, заштитни маски и постојана дезинфекција на микрофоните и другата опрема.<br>Учесниците беа задоволни од целокупниот тек на обуката, од предавачите и од организација на работилницата, што можевме да видиме и од позитивно потполнетите евалуациони листи.<br>На крај од оваа работилница од страна на проектниот тим беа поделени 15 хуманитарни и санитарни пакети на учесниците (членови на Здружение на слепи лица на град Штип). | | |
| 16. Набавка на 100 хуманитарни и санитарни пакети со средства за дезинфекција, средства за заштита, намирници и санитарни средства | Преку фирмата ХОМ АРТ 1 од Пробиштип се набавени точно 100 хуманитарни и санитарни пакети за потреба на учесниците во проектот од општините Штип, Радовиш и Пробиштип (членови на Здружение на слепи лица на град Штип).<br>Пакетите беа подготвени според спецификацијата дадена во договорот со фирмата (квалитетот и количината на производите во пакетите беа запазени според спецификацијата).<br>При секоја испорака беа проверувани пакетите од страна на координаторот на проектот и асистентот, и по извршената контрола (проверка) беа одобрени за доделување на членовите. | Период на набавка од септември до декември 2020 година (прв и втор квартал од имплемента ција на проектот) | Подготвени и доставени до нарачателот 100 пакети со хуманитарни и санитарни производи според спецификациј а од договорот (маски, средства за дезинфекција, ракавици, храна и санитарни средства) |
| 17. Поделба на 100 пакети на најранливите категории слепи лица од трите цени општини во источен регион | Од страна на проектниот тим беа поделени (доставени) вкупно 100 хуманитарни и санитарни пакети на 100 членови на Здружение на слепи лица на град Штип.<br>Слепите лица кои ги добија 100-те пакети беа од општините Штип, Радовиш и Пробиштип.<br>Секој пакет беше обележан со голема налепница на која имаше информации за донаторот на пакетот (Влада на Р. Северна Македонија), имплементатор на проектот и името на проектот во рамки на кој се доделени овие хуманитарно - санитарни пакети.<br>Сите 100 пакети беа доделени во период од септември - декември 2020 год. (од страна на проектниот тим одредени пакета беа однесени лично до домовите на неподвижните слепи лица од сите три града (Штип, Радовиш и Пробиштип), слепи лица кои се членови на Здружението на слепи лица на град Штип. Поголем дел од пакетите беа доделени на самите обуки (работилноци), додека остатокот од пакетите беа доделени од страна на проектниот тим до домовите на слепите лица кои се неподвижни и во многу тешка состојба во сите три општини.<br>Членовите беа многу задоволни од добиената директна помош и поддршка со пакетите, се заблагодарија многу на Владата на Р. Северна Македонија и на имплементаторот на проектот, со надеж и желба дека ваква помош ќе можат во иднина пак да добијат. | Период на доставување на пакетите, септември - декември 2020 година (прв и втор квартал од имплемента ција на проектот) | Подделени (доставени) од страна на проектниот тим вкупно 100 хуманитарни и санитарни пакети на 100 слепи лица од општина Штип, Радовиш и Пробиштип (членови на Здружение на слепи лица на град Штип), лица кои спаѓаат во најранливата категорија на граѓани. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Во овие услови на пандемија како што можевме да видиме и од изразите и пофалните зборови на лицата кои добија пакети, ваквата директна помош е невистина од енормно значење за помош на оваа категорија граѓани.<br>Имаме слики од доделени пакети скоро со секое лице (член) кое има добиено ваков хуманитарен пакет, со исклучок на неколку слепи лица кои не сакаа (не ни дозволија) да ги сликаме. | | |

**4. Проблеми во спроведување на проектот** (Наведете доколку имало проблеми во спроведувањето на активностите на проектот, вклучително и доцнење и како тоа влијаело на постигнување на резултатите и целите на проектот)

Проектот го спроведувавме во услови на присаство на пандемија COVID 19 со огромна претпазливост на протоколите и сите пропишани насоки и мерки за справување со овој вид на пандемија. Сето тоа го реализиравме навистина успешно и внимателно (работевме со една од најтешката ранлива категорија на лица - слепи лица и поради тоа бевме многу претпазливи), со држење на пропишано растојание меѓу учесниците на настаните, користење на сите потребни дезинфекциони средства, заштитни маски и други неопходни мерки за заштита на сите учесници на настаните.

Од оваа гледна точка немавме никакви поголеми проблеми, се беше имплементирано на најдобар можен начин.

Што се однесува до реализација на самите обуки, предавањата, работата на предавачите (обучувачите), работата на проектниот тим и сета друга реализација околу доделување на хуманитарните и санитарните пакети на учесниците (успешно беа доделените 100 пакети на сите членови на Здружението на слепи лица на град Штип), немавме никави проблеми и сето ова го реализиравме на навистина успешен начин на задоволство на учесниците, предавачите и другите стеикхолдери.

Немавме каснење на активностите во делот на имплементација, се водевме според планираната временска рамка и сите активности беа навремено спроведени.

**5. Видливост и јавност** (Одржани конференции, јавни настани, подготвени публикации, објави во медиуми за проектот и сл.)

| Активност | Индикатори | | |
|---|---|---|---|
| | Број на учесници | Број на примероци | Објави во медиуми (сите објави се од 05 септември 2020 год.) |
| Одржување на прво економско и психомотивационо советување во Штип (05 септември 2020) | 26 учесници | | 1.https://mia.mk/zdruzhenieto-na-slepi-lica-vo-shtip-so-proekt-za-nadminuva-e-na-predizvicite-od-koronakrizata/<br>2. https://libertas.mk/slep-mazh-tri-dena-ostanal-bez-leb-vo-tekot-na-karantinot/<br>3.https://opserver.mk/makedonija/prisposobuvanje-na-slepite-lica-na-uslovite-shto-gi-nametna-krizata-so-kovid-19/<br>4.https://nezavisen.mk/prisposobuvanje-na-slepite-lica-na-uslovite-shto-gi-nametna-krizata-so-kovid-19/<br>5.http://televizijastar.com<br>6.https://iportal.mk/makedonija/zdruzhenieto-na-slepi-lica-vo-shtip-proekt-za-nadminuvanje-na- |
| Одржување на прво правно советување во Штип (12 септември 2020) | 20 учесници | | |
| Одржување на второ економско и психомотивационо советување во Штип (26 септември 2020) | 26 учесници | | |
| Одржување на второ правно советување во Штип (03 октомври 2020) | 18 учесници | | |
| Одржување на трето економско и психомотивационо советување во Пробиштип (17 октомври 2020) | 23 учесници | | |
| Одржување на трето правно советување во Пробиштип (24 октомври 2020) | 23 учесници | | |
| Одржување на четврто правно советување во Штип (31 октомври 2020) | 30 учесници | | |
| Одржување на петто правно советување во Радовиш (07 ноември 2020) | 23 учесници | | |
| Одржување на четврто економско и психомотивационо советување во Штип (14 ноември 2020) | 30 учесници | | |
| Одржување на петто економско и психомотивационо советување во Радовиш (21 ноември 2020) | 29 учесници | | |
| Набавка на 100 хуманитарни и санитарни пакети со средства за дезинфекција, средства за заштита, | | 100 пакети | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| намирници и санитарни средства и поделба на најранливата категорија (слепи лица) од трите целни општини во источен регион | | | predizvicite-od-koronakrizata/ |

## 6. Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот

Општата цел на проектот планирана да се оствари преку реализација на серија едукации, информации, советувања и директна помош и поддршка на слепите лица од трите општини од источниот дел на Р. Северна Македонија (овие лица да се приспособат и прилагодат на новонастанатите услови кои ги наметна кризата со COVID 19), беше целосно реализирана и постигната.

Ги постигнавме и сите специфини цели на проектот со една добра поставеност, организирана работа во спроведување на проектните активности, добра координираност на проектниот тим со подизведувачите и солидна синхронизација на проектниот тим со учесниците во рамки на проектот.

Од гледна точка на специфичните активности беа спроведени сите предвидени правни, економски и психо-мотивационите советувања и при тоа беа дадени конкретни совети и предлози за подобро искористување на социо-економските мареки пропишани од страна на Владата на Р. Северна Македонија и поуспешно приспособување и справување на слепите лица на условите кои ги наметна кризата со пандемијата.

Целта за реализација на директната помош и поддршка на оваа категорија лица преку одредени хуманитарни пакети за нивна полесна егзистенција во услови на вакква криза, беше постигната и успешно спроведена.

Проектот го имплементиравме во право време кога на слепите лица, членови на Здружението на слепи лица на град Штип (една од најранливите категории лица) им беше навистина неопходна вакква директна поддршка и помош, стручни советувања и едуцирања за справување и приспособување во вакква ситуација наметната со коронавирусот и нивна постојана информираност за сите нови мерки пропишани од страна на Владата а кои се наменети за помош и поддршка на вакква категорија лица.

Одлична соработка имавме воспоставено со претставниците од локалните самоуправи на сите три општини кои беа вклучени во проектот (општина Штип, Радовиш и Пробиштип). Имавме голема поддршка и од медиумските куќи кои функционираат во овие општини.

На секоја работилница имавме претставници од локалната самоуправа (градоначалници, претседатели на совети при општината, претседатели на општински кризни штабови за справување со пандемијата) со што дадовме една посебна димензија на проектот за идна соработка со локалните власти за поддршката и помошта која е неопходна на вакква категорија лица во справување со последиците од пандемијата COVID 19.

Претставниците од општинските власти секогаш ја прифаќаа нашата покана да бидат дел од овие работилници и при тоа да не запознаат одблиску во секој момент со мерките и политиките кои се превземаат за заштита и справување од наметнатата ситуација со пандемијата, но исто така овие надлежни лица изразуваа и посебен интерес во иднина да помогаат на оваа целна група во континуирана едукација, информирање и полесно справување со состојбата.

Навистина ни беше мило кога можевме да слушнеме ветувања и заложби од локалните власти за превземање на одредени мерки за полесно функционирање и приспособување на ваквата целна група во новонастанатата ситуација со коронавирусот.

Улогата на локалната самоуправа во иднина ја гледаме преку реализација на вакви успешни приказни (реализација на успешни донаторски проекти) во услови додека трае состојбата со пандемијата.

Овие локални власти да успеат да обезбедат дополнителни средства и услови се со цел да можеме да продолжиме со вакви активности (за добрата состојба и функционирање на членовите на Здружението на слепи лица на град Штип) зависно од опстојување на кризата со коронавирусот во нашата земја.

Наши идни активности ќе ни бидат постојано лобирање кај локалните власти за овозможување на ветените мерки и помош на ваквата категорија граѓани (со одредени општини имаме поптпишано и меморандуми за соработка).

Воедно планираме да иницираме слични вакви донаторски проекти во иднина (проекти финансирани од страна на Владата на Р. Северна Македонија) со цел континуирано да помагаме на нашите членови (слепи лица од Источниот регион) во успешно функционирање, приспособување и справување со состојбата на коронавирусот.

Ќе наоѓаме начини постојано да ги информираме нашите членови за сите нови социо - економски мерки пропишани од страна на Владата.

Предавачите (особено предавачот за психо – мотивационото советување и економско советување) ни предложија и се сложија доколку е потребно во иднина еднаш месечно да одржат бесплатни on – line предавање за нашите членови се со цел одблиску да ги запознаат со сите најнови економски мерки и пакети кои се носат континуирано од страна на Владата и психо-мотивациони мерки за справување со коронавирусот (се до моментов кога ќе намали бројката на заболени и ќе се вакцинираат поголем број од популацијата).

Предавачите се зближија со учесниците на работилниците и поради тоа сакаат кога е потребно во иднина перманентно да помагаат на оваа целна група и да ги советуваат кога ќе имаме потреба од тоа.

На ова ќе се надоврзе и проектниот тим кој во иднина ќе биде секогаш достапен (и по завршување на проектот) перманентно да помага на ваквата категорија лица во нивно информирање, едукација и директна помош и поддршка (проектниот тим се лица кои постојано работат со ранлива категорија на граѓани).

Воедно сакаме да потенцираме дека во периодот на имплементација на проектот добивме голема поддршка од неколку фирми кои сакаа да помогнат со одредени производи и донации наменети за членовите (слепите лица) од трите опптини. Тука може да ја истакнеме фирмата КОЛИД КОМПАНИ од с. Колешино, која ни даде голема донација (преку 30 пакети со прехрамбени производи) и не замоли да ја поделиме на некоја работилница во рамки на проектот. Ваквата фирма и уште неколку други помали фирми ни ветија и ќе се заложат дека ваквата директна помош и поддрша ќе продолжи и во иднина се со цел да можат ваквите општествено одговорни фирми да ни помагаат во вакви тешки моменти наметнати со пандемија.

Медиумите ни се голема поддршка и истите ќе ни овозможуваат во иднина постојано да се обраќаме по електронски пат до сите засегнати страни и да учествуваме во емисии и дебати кои ќе ја подигнат свеста на локалните, регионалните и националните власти за перманентна поддршка и помош на ваква целна група граѓани.

## 7. Резиме на Финансискиот извештај

| Структура на трошоци | Доделени средства (според Договорот) | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|
| **I. Човечки ресурси** | **165.000,00 денари** | **165.000,00 денари** | |
| **II. Оперативни трошоци** | **43.700,00 денари** | **42.645,00 денари** | |
| **III. Директни трошоци** | **421.120,00 денари** | **421.108,00 денари** | |
| **Вкупни трошоци (I+II+III)** | **629.820,00 денари** | **628.753,00 денари** | |

## 8. Документација
(Наведете листа на документи што се доставуваат во прилог на Завршниот извештај)

**Листа на документи кои се доставуваат во прилог на Завршен извештај:**

1. Копија од листа на учесници од реализирани работилници за правно советување (листа на учесници од 5 работилници)
2. Копија од листа на учесници од реализирани работилници за економско и психо-мотивационо советување (листа на учесници од 5 работилници)
3. Копија од листа на слепи лица кои имаат добиено хуманитарно – санитарен пакет
4. Агенда и покана за сите работилници во рамки на проектот
5. Копија од потполнети евалуациони листи од обуки за правно советување, економско советување и психомотивационо советување
6. Презентации од работилници (правно, економско и психо-мотивационо советување)
7. Изводоци од медиуми за промоција и презентација на проектот
8. Фотографии од реализирани работилници во рамки на проектот на USB мемори стик
9. Копија од договори од проектниот тим
10. Копија од договори од обучувачите
11. Копија од договори со фирми – подизведувачи и фирми задолжени за логистика во рамки на проектот
12. Детална документација за сите реализирани трошоци (копии од сметки, изводи од банка, копии од фискални сметки, копии од фактури, копии од патни налози, мпин од плаќања за проектниот тим и обучувачите, сметководствени книжења и други финансиски релевантни документи врз основа на кои се извршени плаќањата)
13. Извештај за финансиски плаќања

Согласно член 10 став 3 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка, во прилог на Завршниот извештај задолжително се доставува: копии од листи на учесници, фотографии од настани, примероци од подготвени извештаи, публикации и други релевантни документи, како и детална документација за сите трошоци (за неготовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот и поврзаните изводи од банка; за готовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот, копии од фискални сметки и сметкопотврда; друга документација: патни налози со релевантните прилози, документи врз основа на кои се извршени плаќањата - договори, спогодби, извештаи за плата и други релевантни документи).

Штип, 11. 01. 2021 год.

Драги Витанов

Претседател

М.П.

(Потпис)


www.nvosorabotka.gov.mk
e-mail: nvosorabotka@gs.gov.mk

| | ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ со 31.12.2020 | | | |
|---|---|---|---|---|
| Име на здружението | **Здружение на слепи лица на град Штип** | | | |
| Наслов на проектот | **Приспособување на слепи лица од Источен регион на тешки услови кои ги наметна кризата со COVID-19** | | | |
| Доделена финансиска поддршка | 629.820 денари | | | |
| Кофинансирање (ако е предвидено) | | | | |
| Вкупен буџет на проектот | 629.820 - 1067 =628.753 денари | | | |
| во денари | Одобрено | Реализирано | | |
| Буџетска линија | Вкупно | Реализирано | Остаток | Остаток (%) |
| **I ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | | | | |
| Плати и надоместоци | | | 0 | #DIV/0! |
| Проектен координатор | 90.000 | 90.000 | 0 | 0% |
| Проектен асистент | 75.000 | 75.000 | 0 | 0% |
| | | | 0 | #DIV/0! |
| | | | 0 | #DIV/0! |
| Вкупно за I | 165.000 | 165.000 | 0 | 0 |
| **II ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ** | | | | |
| Транспорт -Проектен Тим | 19.600 | 19.532 | 68 | 0% |
| Транспорт за едукатори | 9.100 | 9.100 | 0 | 0% |
| Канцелариски трошоци | | | 0 | #DIV/0! |
| Услуги за водење на книговодство | 10.800 | 10.800 | 0 | 0% |
| Услуги | | | 0 | #DIV/0! |
| Банкарски Трошоци | 4.200 | 3.213 | 987 | 24% |
| Информации и комуникација | | | 0 | #DIV/0! |
| | | | 0 | #DIV/0! |
| | | | 0 | #DIV/0! |
| Вкупно за II | 43.700 | 42.645 | 1.055 | 2% |
| **III ДИРЕКТНИ ТРОШОЦИ** | | | | |
| Активност 1.1.1. | 165.000 | 165.000 | 0 | 0% |
| Активност 1.2.1. | 43.700 | 42.645 | 1.055 | 2% |
| Активност 2.2.1. | 421.120 | 421.108 | 12 | 0% |
| Вкупно за III | | | 0 | **#DIV/0!** |
| **ВКУПНО I + II + III** | **629.820** | 628.753 | 1.067 | **0%** |

**На 05.01.2021 година 1067денари се вратени во буџетот на Влада на Р.С М**

Во табелата треба да се наведат реализираните трошоци за времетраење на проектот. Наведените трошоци треба да бидат конзистентни со оригиналните фактури и/или останати финансиски документи врз основа на кои е направен трошокот. Корисникот треба да ги чува оригиналните финансиски документи, како што е наведено во Договорот за обезбедување на финансиска поддршка. За потребите на известување или ревизија, Генералниот секретаријат може да ја побара на увид целокупната придружна документација.